АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 06. 11. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5440 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 22 до 31 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Примерокот за анализата на известувањето во дневно-информативните емисии на ТВ Сител во шестиот извештаен период (од 22 до 31 октомври 2016 година) опфаќа десет изданија на Дневникот во 19 часот и шест изданија на Бизнис вестите (кои не се емитуваат за време на викендот).

Анализираните прилози имаат вкупно времетраење од 4 часа 47 минути и 2 секунди, од кои 4 часа 8 минути и 2 секунди се извештаи (некои од нив коментаторски), изјави, вести, соопштенија, односно информативни жанрови (Табела 1), а 39 минути се коментари (сопствени или преземени/симулирани со додавање сопствени аудиовизуелни материјали) и осврти.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ СИТЕЛ | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Други субјекти | 00:30:11 | 12,17 % |
| Локална самоуправа | 00:06:29 | 2,61 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:35:12 | 14,19 % |
| СДСМ | 00:25:28 | 10,27 % |
| Специјално обвинителство | 00:05:47 | 2,33 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:44:07 | 17,79 % |
| Претседател на РМ | 00:05:48 | 2,34 % |
| Собрание на РМ | 00:01:04 | 0,43 % |
| Влада на РМ | 00:30:46 | 12,40 % |
| ГДОМ | 00:02:49 | 1,14 % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:03:22 | 1,36 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:50 | 0,74 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:02:17 | 0,92 % |
| ДПСМ - Демократска партија на Србите во Македонија | 00:01:06 | 0,44 % |
| ДПА-ДР | 00:00:42 | 0,28 % |
| Беса | 00:00:42 | 0,28 % |
| Без субјекти | 00:09:05 | 3,66 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:14:55 | 6,01 % |
| Унитети | 00:00:45 | 0,30 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:06:07 | 2,47 % |
| Коалиција за промени и правда | 00:01:12 | 0,48 % |
| Судство | 00:01:28 | 0,59 % |
| ДИК и други органи | 00:02:56 | 1,18 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:42 | 0,69 % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:03:52 | 1,56 % |
| Јавно обвинителство | 00:04:02 | 1,63 % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:47 | 0,32 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:31 | 0,61 % |
| Привремена комисија | 00:01:10 | 0,47 % |
| Демократски сојуз | 00:00:50 | 0,34 % |
| | **Вкупно: 04:08:02** | **100 %** |

Најзастапена е категоријата на субјекти од странство (амбасадори, странски политичари или други личности, меѓународни организации и институции) кога говорат за Македонија, што во голем дел се должи на интервјуто со американските новинари Барбара и Џон Кокран (18 минути и 27 секунди), емитувано во целост на 23 октомври (претходниот ден е најавено и со кус исечок). Соговорниците говорат за актуелните претседателски избори во САД и медиумското известување за нив и во еден дел прават споредба со ситуацијата во Република Македонија.

Од домашните субјекти, најмногу време има за ВМРО ДПМНЕ, потоа за Владата, за разноликата категорија „*други субјекти*", па за СДСМ и за органите на „*државната управа/јавните претпријатија*".

И овојпат, главното тежиште при информирањето за политичките партии отсликува дуопол, односно, позначајно присуство (над 10 минути) имаат ВМРО ДПМНЕ и СДСМ. Во прилозите со информативни жанрови од активностите на терен се известува неутрално, со тоа што за ВМРО ДПМНЕ има и позитивни извештаи (на пример од посетата на Лондон, написите во странски медиуми и сл.), а за СДСМ има негативен тон (во аналитичките жанрови и во некои коментаторски извештаи). На обвинувањата од партиите, одговараат институции (на пример, на СДСМ - Министерството за култура, а на ВМРО ДПМНЕ – локалната самоуправа). Од другите политички партии, се среќаваат информации за ВМРО НП, СПМ, ГРОМ, ДУИ, СПА, Коалиција за промени и правда Демократска партија на Србите во Македонија, Демократски сојуз, Унитети, ДПА-ДР и Беса.

Во времето за Владата, освен прилозите за настаните произлезени од редовното извршување на функцијата, од одбележувањето на празникот 23 Октомври, акциите на МВР, реплицирање меѓу министрите и дополнителните заменици-министри, влегуваат и такви во кои се дава позитивен контекст за мерките, активностите и резултатите од политиките на Владата. Примери за овој тип прилози се: на 23 октомври „Почна изградба на бункер за акцелератор во ГОБ „8 Септември" - инвестиција од 2 милиони евра" (1 минута и 52 секунди); на 25 октомври „Освен на скопските клиники, од идната година лекари ќе специјализираат и во „8 Септември" (1 минута и 23 секунди), „Комплетно реновирана амбулантата во Општата болница во Куманово" (1 минута и 31 секунда), „Финансиска помош од државата за развој на иновативноста и претприемништвото" (1 минута и 50 секунди); на 26 октомври „Рангирањето на Македонија во 'Дуинг бизнис' историски резултат. Од 2007 скок од 84 места" (2 минути и 40 секунди), „Доделени 10 нови лиценци за отворање подвижни аптеки во 542 населени места" (46 секунди), „Пуштена во употреба нова градинка во горно Лисиче за згрижување на 100 деца" (39 секунди); 27 октомври „Интензивно се обновува опожарениот Манастирски комплекс Трескавец" (54 секунди), „Миноски: Рангирањето во „Дуинг бизнис" треба да донесе нови инвестиции" (1 минута и 44 секунди); осврт за рангирањето на Македонија во Извештајот на „Дуинг бизнис" (2 минути и 17 секунди), „Македонија бара да биде дел од Трансјадранскиот гасовод" (1 минута и 35 секунди); 28 ноември „За прв пат педијатар ќе прегледува во Зелениково" (1 минута и 38 секунди), „'Дуинг бизнис' ќе донесе нови странски инвестиции и ќе отвори нови можности за домашните компании" (2 минути и 24 секунди), „Коридорот 10 догодина ќе биде по сите светски стандарди" (1 минута и 47 секунди), „Државна поддршка за жените претприемачи" (1 минута и 37 секунди); 29 октомври „Стартува со работа најсовремен центар за хидро терапии во јавното здравство" (1 минута и 41 секунда); на 30 октомври „Онкологија се усовршува. Нов апарат за симулација на располагање на докторите" (1 минута и 15 секунди); на 31 октомври „Банките сигурни, заштедите растат" (1 минута и 51 секунда). Има и други прилози во кои во позитивна рамка се сместуваат резултатите на Владата, но не преку активностите на владините функционери, туку преку ставовите на други субјекти (од органи на државната управа, стопански комори, лекари итн.).

Во разноврсната методолошка категорија „*други субјекти*" влегуваат: проф. д-р Кочо Чакароски, претседател на Лекарска комора на Македонија, Санте плус, академици, актери, професори, МААЦЕВ, претприемачки, ГС1 Македонија, Еуромакс Ресурси, НУ Драмски театар – Скопје, МПЦ, Стопанска комора на Северозападна Македонија, Комуната на Власи „Браќа Манаки" Битола, Црковниот одбор, Здружение на пчелари – Охрид, Здружението на судии на РМ, Сојуз на стопански комори, ХАЈТЕК, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Алкалоид АД Скопје, УКИМ, Здружение на банкарство, Советот на инвестиции, Асоцијација на автомобилската индустрија, Агенцијата за ХАЛАЛ Стандард итн.

За локалната самоуправа (и од власта и од опозицијата) има помалку време заедно под 10 минути), но има прилози со позитивен контекст, какви што се: на 22 октомври „Со 1 милион евра ќе се гради нова фаза од Булеварот Србија" (1 минута и 16 секунди); 26 октомври „Пуштена во употреба нова градинка во горно Лисиче за згрижување на 100 деца" (39 секунди); на 27 октомври „Интензивно се обновува опожарениот Манастирски комплекс Трескавец" (54 секунди), „Заев во Струмица: Покажавме како од мали нозе се гради општество без поделби" (1 минута и 42 секунди); на 28 октомври „Се крои буџетот на Град Скопје -

предвидена набавката на електрични автобуси" (1 минута и 29 секунди); на 29 октомври „Доделени наградите од проектот 'Поддршка на почетни бизниси за млади во Струмица'" (39 секунди); 30 октомври „Реконструкција на езерскиот кеј во Охрид" (1 минута и 30 секунди), „Општина Карпош продолжува со интензивно садење нови дрва" (1 минута и 8 секунди) и сл.

ТВ Сител донела уредничка одлука, во централната дневно-информативна емисија, за некои актуелни настани да известува преку реакциите за нив (на пример, изјавите на Слободан Богоевски), а за други - да не ја информира својата публика (на пример, наводите за сообраќајни прекршоци на дополнителниот заменик-министер за труд и социјална политика Диме Спасов).

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ СИТЕЛ | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Локална самоуправа | 00:03:35 | 3,15 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:19:09 | 16,84 | % |
| СДСМ | 00:18:30 | 16,27 | % |
| Други субјекти | 00:10:51 | 9,54 | % |
| Влада на РМ | 00:11:56 | 10,50 | % |
| ГДОМ | 00:01:44 | 1,52 | % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:01:47 | 1,57 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:05 | 0,95 | % |
| ДПСМ - Демократска партија на Србите во Македонија | 00:00:49 | 0,72 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:23 | 1,22 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:46 | 0,67 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:04:22 | 3,84 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:24:46 | 21,78 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:03:07 | 2,74 | % |
| Унитети | 00:00:31 | 0,45 | % |
| Претседател на РМ | 00:02:36 | 2,29 | % |
| Судство | 00:00:55 | 0,81 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:01:08 | 1,00 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:53 | 0,78 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:55 | 0,81 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:25 | 0,37 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:07 | 0,98 | % |
| Привремена комисија | 00:00:47 | 0,69 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:35 | 0,51 | % |
| | **Вкупно: 01:53:42** | **100** | **%** |

Што се однесува до директните обраќања, најмногу време пак имаат странските субјекти, но и тука важи забелешката за уделот на интервјуто со Барбара и Џон Кокран. Оттаму, самостојно, најмногу време имаат ВМРО ДПМНЕ, зад која веднаш следи СДСМ, па Владата и бројните *„други субјекти"* (Табела 2).

На 22 октомври, ТВ Сител трет ден последователно се осврнува на објавувањето тендер за изградба нов клинички центар во Скопје, овојпат преку мислењето на проф. д-р Кочо Чакалароски, претседател на Лекарска комора на Македонија во „Лекарите задоволни од тендерот за нов клинички центар" (2 минути и 58 секунди). Истиот ден, во коментарот „Катица Јанева призна дека си го вработила внукот. Експертите

реагираат за непотизам" (5 минути и 9 секунди) се преразгледуваат вработувањата во СЈО (на внукот на Јанева и на Борче Трајковски) и прашањето за висината на нејзината плата (чија висина таа не ја открива). Се емитуваат делови од интервјуто на обвинителката Катица Јанева во емисијата Топ тема на ТВ Телма, изјава со критики од политичкиот аналитичар Сотир Костов, Фејсбук статус на новинарот Васко Ефтов, изјава на обвинителката Ленче Ристовска од прес-конференција на СЈО и од професорката Тања Каракамишева (дадена за порталот Прес 24).

На 23 октомври се пренесува написот „Рејмонд Тантер во весникот „THE HILL" со пофалба за програмата на Никола Груевски" (2 минути и 34 секунди) со позитивен тон за ВМРО ДПМНЕ и Никола Груевски.

На 24 октомври, Дневникот започнува со уреднички коментар со негативен тон за СЈО и СДСМ. По воведот дека пред избори „политиката доминира, особено онаа подземната, бидејќи пред изборите најчесто таква и гледаме, барем од една од политичките страни, еве да не ја именувам, да не ми се брои", се изнесува тврдењето дека „СЈО, во договор со СДСМ, согласно најавите и барањата на Заев, од Нова година до ден денеска, треба да ја одработи својата главна улога, а тоа е да му помогне на Зоран Заев и СДСМ пред изборите" зашто имаат „направено план и задача" според кои работата на Обвинителството ќе се интензивира резултирајќи со „најмалку 13 истраги ... и најмалку шест обвиненија... секако против функционери, личности на ВМРО ДПМНЕ и некои новинари кои СДСМ и Зоран Заев ги прогласија за свои најголеми непријатели, тука препознаваме некои од нив, нели?". Се оценува дека целта е да му се помогне на СДСМ пред изборите, бидејќи според сите анкети му оди лошо. Потоа се вели: „СЈО е спорна организација. Прво како институција спорна по уставен основ. Професори од Правен факултет и други интелектуалци, експерти од таа област, се произнесоа, и тоа масовно, дека СЈО е неуставна организација. Се чека одлука на Уставниот суд. СЈО е неотчетна организација, троши пари, а три пати добиваме одговор од првиот човек на СЈО Катица Јанева: 'дека не кажувам каде ги трошам парите', цитирам 'точка'. Тоа, во една држава, ниту еден човек кој троши јавни пари не го кажал, ниту помислил дека ќе го каже, а кажано е. СЈО, покренува случаи само против една политичка страна, што значи дека има чисто партиска функција - да нанесе штета на спротивната политичка страна. Вели, за Зоран Заев и неговите соработници немам прислушкувани разговори и материјали во нив инаку би покренале. Нормално дека СЈО нема за Зоран Заев ништо бидејќи Зоран Заев објави, овде седеше, дека има над 1 милион прислушкувани разговори, предаде околу половина од тоа. Другата половина која Зоран Заев ја има се разговорите кои го теретат него за криминал, неговите соработници, поширок круг јавни личности, бизнисмени кои учествувале заедно со него. Надвор од памет е дека СЈО не е заинтересирана, кога би била професионална организација, да не испита потекло на имот на човек кој откако дошол на функција градоначалник, неговите семејни фирми свртеле 205 милиони евра и тоа само официјални пари, регистрирани преку Управата за јавни приходи, односно тогашниот Завод за платен промет." На крајот се заклучува дека она што е најважно „за оние кои се ни ваму ни таму. Сè што ќе каже СЈО е нивни став и приказна. СЈО не суди. Судот утврдува што е точно. Ќе излезе некоја од глумиците на СЈО, и ќе каже тоа што и напишале, и тоа што му одговара на Зоран Заев сега пред избори, но тоа, ни приближно не е вистина. Вистината ја утврдува судот. А, како што знаете, СЈО е во кавга со судовите, со Судскиот совет, со Советот на обвинители, со Основното јавно обвинителство, со Собранието, со Владата, со Претседателот. Ниту една од овие институции СЈО не признава. Кажете ни една причина зошто тогаш сите ние би го признавале СЈО. Ова беше мој коментар." (4 минути и 4 секунди).

Потоа се емитува пренесениот/симулиран коментар „Неделникот 'Република' ексклузивно го дознава планот на СДСМ и СЈО за дејствување до крајот на изборите" (5 минути и 1 секунда) со негативен тон и рамка за СЈО и СДСМ во кој се наведува дека „суштината на СЈО е токму тоа, да биде помошна алатка на СДСМ", по што се емитува изјава од Зоран Заев дека тој се борел за СЈО и сега треба да се испорачаат резултати, за која се вели дека го потврдува ова тврдење. Се наведува дека, според Република, СЈО ќе има чести и интензивни прес-конференции (за 13 објави на сомневања и шест обвиненија) со политички коментари, а фактите би биле во позадина и чија цел би била да се намали рејтингот на ВМРО ДПМНЕ и дискредитација на Владата. Потоа се наведуваат случаи за кои би се покренале тие истраги/обвиненија. Се

емитуваат и сегменти од интервјуто на Зоран Заев за ТВ Сител, дадено во првите месеци од годинава, во делот кајшто вели дека сопственикот и дел од уредништвото на Сител се во симбиоза со Груевски и дека се „злосторничка банда" и дека Драган Павловиќ Латас е „изрод". Се наведува и дека и ДУИ ќе биде на удар на СЈО за да се помогне на Беса. На крајот се вели дека влијанието на СЈО во јавноста е мало, што се поткрепува со анкетите на „Павел Шатев" и „Брима Галуп", и дека тоа што го зборува СЈО е нивни став, односно дека е важно што ќе каже судот.

На 25 октомври пренесено е „Интервју на Никола Груевски за 'Форбс'" (3 минути и 10 секунди) со позитивна рамка за ВМРО ДПМНЕ и нејзиниот лидер. Подоцна во вестите има уште еден осврт на тврдењата за постоење спрега меѓу СЈО и СДСМ, со негативен тон за ова обвинителство и за партијата "Аналитичари: СЈО одработува кампањски за СДСМ" (4 минути и 1 секунда). Во прилогот има изјави на Тања Каракамишева, универзитетска професорка и Владимир Божиновски, Институт за политички истражувања, и навраќања на тврдењата на „Република" пренесени ден претходно.

На 27 октомври, во коментаторскиот извештај „Од ВМРО ДПМНЕ очекуваат и во иднина луѓе со криминална позадина како онаа на Слободан Богоевски да играат во тимот на Заев" (1 минута и 43 секунди), се пренесуваат реакциите на ВМРО ДПМНЕ и ВМРО НП на тврдењата на Слободан Богоески, дадени во интервју за Топ тема на ТВ Телма. Притоа, ТВ Сител избира да не ја информира својата публика што всушност изјавил Богоески туку директно да ги пренесе реакциите. Во прилогот, Богоески е покажан двапати – со снимка на која тој е прикажан додека, со лисици на раце, двајца полицајци го внесуваат во полициско комбе. Вториот пат, медиумот потсетува: „Инаку, зад Слободан Богоески стои дебело криминално досие. На крајот од 2013 беше осуден на две години затвор во акцијата 'Агент' под обвинение за перење пари, фалсификување и разни злоупотреби и малверзации со продажбата на парцелата кај Спортскиот центар 'Борис Трајковски'".

Истиот ден, во Бизнис вестите, се емитува осврт со позитивен тон за рангирањето на Македонија во Извештајот на „Дуинг бизнис", со изјави од Даниел Димов, сопственик на старт ап фирма и на Јасмина Поповска, директорка на Фонд за иновации (2 минути и 17 секунди).

На 28 октомври, во коментарот „Анализа: СДСМ започна со црната кампања против ВМРО ДПМНЕ" (2 минути и 37 секунди), се дава негативен тон и рамка за СДСМ и позитивен за ВМРО ДПМНЕ. Се пренесуваат ставовите на експертите Александар Пандов и Владимир Божиновски, дека СДСМ води црна кампања, а ВМРО ДПМНЕ зборува за проекти. Воведот во прилогот гласи: „ На денот кога Македонија влезе меѓу десетте најдобро рангирани земји во Извештајот на 'Дуинг бизнис', СДСМ го прати осудениот Слободан Богоески на Телма, коментираат експертите. Според нив тоа е само уште еден доказ дека на 'Бихаќка' се свесни дека со проекти и програма не можат против ВМРО ДПМНЕ, па затоа ќе се обидат на изборите да се спасат од неизбежната катастрофа со црна кампања". Ова е илустрирано со приказ од ранг листата на „Дуинг бизнис", кому му е спротивставена снимка на која Богоески, со лисици на раце, двајца полицајци го внесуваат во полициско комбе.

Веднаш потоа се емитува коментар „Канческа – Милевска: СДСМ прави политички театар со помош на СЈО" (1 минута и 42 секунди) преку кој се известува за распитот на министерката Елизабета Канческа – Милевска во судот, за случајот „Тендери". Се пренесува, а потоа и се емитува изјавата на министерката, по што се вели: „Дека Зоран Заев и Катица Јанева работат според заедничка агенда, потврди и потпретседателот на СДСМ Александар Кирацовски. Тој во интервју за „Фокус" ги најавува идните активности на Специјалното обвинителство потенцирајќи дека сериозни предмети наскоро ќе стигнат во рацете на судиите, кои позитивно ќе одговорат на барањата за мерки против високи функционери во власта." По ова се цитира делот од интервјуто во кое Кирацовски вели дека притворот за битолскиот градоначалник Владимир Талески е „скромен чин на храброст на еден од судиите, но имам информација дека секојдневно судии се охрабруваат и едвај чекаат одреден предмет против власта да падне во нивни раце. Ве уверувам дека за скоро време сериозни предмети ќе стигнат во рацете на храбри судии кои секојдневно се одважуваат".

На 29 октомври во „Репортажа на 'Форбс": И покрај политичката криза Македонија напредува со реформите" (2 минути и 12 секунди) се пренесува написот на американското списание со изјави од претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, односно со позитивен тон за него и партијата.

Подолу во вестите, во коментаторскиот извештај „Се окрупнува членството на СПМ" (2 минути и 21 секунда) најпрвин се информира дека „членови на СДСМ и останатите партии од опозицијата масовно преминуваат во редовите на македонските социјалисти. Цели ограноци на СДСМ во помалите места во Источна Македонија веќе ги фрлиле сините членски книшки и истите ги замениле со оние на СПМ". Потоа се пренесува ставот на СПМ, па ставот на експертот Александар Пандов (од емисија на Радио Слободна Македонија) за тоа дека црната кампања му се вратила на СДСМ како бумеранг, а на крајот податоци за падот на поддржувачите на СДСМ, од анкета на Фактор плус Адрија (за која се наведува дека медиумите пишувале оти е блиска до опозицијата).

Истиот ден, во коментаторскиот извештај „Петти извештај на АААВМУ и трета прекршочна за ТВ Сител" (2 минути и 20 секунди), се информира со негативен тон за Привремената комисија за следење на медиумското претставување со тврдење дека се применуваат двојни стандарди. Во прилогот има изјава од Цветин Чилиманов, член на Привремената комисија.

На 30 октомври, има коментар „Спротивно на најавите, на изборите во 2016 ќе има 3.500 повеќе гласачи од изборите во 2014" (2 минути 18 секунди), во кој се споредуваат податоците од Избирачкиот список објавен од ДИК и постари изјави на Радмила Шеќеринска, Зоран Заев, Оливер Спасовски, Дамјан Манчевски, со нивните различни проценки за тоа колку т.н. „фантомски гласачи" имало на списокот, односно колку гласачи има во Македонија. Најавата гласи: „Одиме малку на партиските активности, кои се врзани за наредните парламентарни избори, кои се за точно шест недели мерено од денес, на 11 декември. Имено, социјалдемократите тврдеа со месеци дека има половина милион, 300.000, 370.000, разни бројки се шпекулира, се фрлаа од ракав, фиктивни гласачи, кои на наредните избори, откако тие ќе го прочистеле избирачкиот список, ќе ги нема. Е, сега, фактите ги демантираат тие тврдења. Имено, според Државната изборна комисија, со која претседава СДСМ, околу 3.500 гласачи ќе има повеќе на изборите во 2016, оваа година, отколку на минатите во 2014".

Подоцна во „Дневникот", се емитува извештајот „СЈО менува тактика - место прес конференции - јавни настапи" и „Звонко Лазаревски е виновен што има разлика во ПИМ мерки и УБК - порача Јакимовски" (2 минути и 22 секунди) во кој се емитуваат изјавите на Антонио Милошоски од ВМРО ДПМНЕ и на Стевчо Јакимовски од ГРОМ. Во најавата за прилогот од студиото има коментар, со негативен тон за СДСМ и СЈО, кој гласи: „...Инаку СЈО нема намера да ги смени своите концепти на работа. Денес гледаме на порталите, па и на Фејсбук страните, на сајтовите под контрола на СОРОС и СДСМ како и на трговците со прислушкуваните разговори кои се наоѓаат во СЈО и кај СДСМ, уште денес ги најавуваат новите акции, што не е ништо чудно, треба да им се верува бидејќи така било отсекогаш, така најверојатно ќе биде и во иднина. Тоа е. Иста група, со исти цели, со исти задачи. Што денес имаше да каже Антонио Милошоски и Стефче Јакимовски на тема СЈО? Особено внимание обрнете на изјавата на Стефче Јакимовски, бидејќи ќе видите што може да се очекува од експертот од 'Ериксон' кој дошол во Македонија и што можеби треба потоа да се утврди?

На 31 октомври, во најавата кон подолгиот прилог „Избори САД: Демократите обвинуваат дека ФБИ со истрагата за Хилари влијае врз изборите", во контекст на реакциите на Демократската партија дека со истрагата на ФБИ за Хилари Клинтон се влијае врз изборите во САД, се вели: „Експертската јавност во Македонија пак, веќе неколку месеци реагира дека Специјалното јавно обвинителство во земјата води истраги во координација со СДСМ, со намера да влијае исто така на рејтингот на владејачката партија". Во последните минути од прилогот, се прави паралела со состојбите во Македонија, со негативен тон за СЈО и СДСМ и се емитуваат изјави од Цветин Чилиманов, долгогодишен дописник на МИА од Брисел и Антонио Милошоски од ВМРО ДПМНЕ.

***Други видови програми***

И во овој извештаен период, некои од темите во утринската програма *Ја сакам Македонија*, односно во нејзиниот дел посветен на контактот со гледачите *На дневен ред*. Најпрвин, во ноќните часови на 22 октомври се репризира претходно издание, во кое темата гласи: „Како ги коментирате новите обвиненија на СЈО".

На 26 октомври, публиката може да ги изнесе своите ставови на тема: „ОЈО со замерки кон СЈО". Емисијата е репризирана во редовниот термин ноќта на 27 октомври.

Утрината на 27 октомври темата за дискусија е поставена вака: „Според 'Дуинг бизнис' - Македонија 10-та земја во светот, 5-та во Европа" И оваа емисија ја има редовната ноќна реприза на 28 октомври.

**Член 75-б од Изборниот законик**

Во периодот од 22 до 31 октомври 2016 година, ТВ Сител емитуваше мноштво прилози со позитивен контекст за активностите, проектите резултатите од политиките на Владата (опишано погоре), а поврзување на власта со политички субјект има во следниве прилози:

***Дневник во 19 часот 22.10.2016***

19:05:44 -19:07:13 „Груевски: 400 милиони евра за инфраструктурни проекти"- претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, говори за изборни ветувања и тековни проекти.

19:07:13 – 19:08:55 „Груевски: 59 милиони евра за водоводна и канализациска инфраструктура" - претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, говори за изборни ветувања и тековни проекти.

***Дневник во 19 часот 29.10.2016***

19:16:46 – 19:17:39 „Претседателот на ВМРО ДПМНЕ го поздравува почетокот на изградбата на амфитеатарот во Скупи" - претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, говори за тековен владин проект.

***Дневник во 19 часот 30.10.2016***

19:15:00 – 19:19:03 „ВМРО ДПМНЕ на терен. Проверка и сугестии за програмата - Груевски во Гевгелиско"- претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, со граѓаните разговара за нивните проблеми и говори за тековни проекти.

***Сектор за програмски работи***